VARDAX S.A.

**Подружница Скопје**

| VARDAX S.A. Branch Office - Skopje | | | |
|---|---|---|---|
| Data: | 05.01.2024 | | |
| Ref.No.: | 03 - 01 | | |
| Distribution | | Action | Info |
| | | | |
| | | | |

До
Министерство за економија
Ул. Јуриј Гагарин бр. 15
Скопје

До
Регулаторна комисија за енергетика
Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп Трајков, 6-ти кат
Скопје

Скопје, 05.01.2024

Предмет: Забелешки на ВАРДАКС АД Скопје на предлог Законот за енергетика

Почитувани,

Со овој допис, ги доставуваме нашите предлози за измени на предлог Законот за енергетика.

Предложени се следните измени:

1. Во членот 240, став (5) треба да се измени и да гласи:

(5) *Решението од ставот (4) на овој член, треба да биде детално образложено, а се донесува во рок* ***од 30 (триесет) дена*** *од денот на приемот на барањето за пристап.*

**Образложение:** Првичниот рок од 5 (пет) работни дена за одговор на барањето е прекраток, од оперативни причини. Треба да се продолжи на 30 дена**.**

2. Во членот 241, воведната реченица од став (1) треба да се измени и да гласи:

(1) *Министерот донесува методологија за определување на* ***највисокиот*** *износ на надоместокот за извршениот транспорт преку нафтовод, односно продуктовод, заснована на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со која се обезбедува:*

**Образложение**: Се предлага оваа одредба да се измени со цел да се појасни дека методологијата е за утврдување на највисоката цена.

3. Во член 241, став (2) треба да се измени и да гласи:

(2) *Вршителот на енергетската дејност транспорт на сурова нафта преку нафтовод, односно транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, најдоцна* ***два месеца пред датумот на примена на надоместокот за транспорт*** *доставува на одобрување до Владата* ***највисок износ на надоместок*** *за вршење транспорт преку нафтовод, односно продуктовод, изработен врз основа на методологијата од ставот (1) на овој член за вршење транспорт преку нафтовод, односно продуктовод.*

Company for crude oil and oil derivatives pipeline VARDAX S.A. – Branch Office VARDAX Skopje
Office: Miladinovci, Investments OKTA, P.O. Box 66, Miladinovci
Tel: +389 2 2532 525 vardax@helpe.gr

VARDAX S.A.

**Подружница Скопје**

**Образложение**: Првата измена се однесува на начинот на кој е утврден крајниот рок. Предложената модификација е наменета да воведе можност работењето на продуктоводот да започне на датум кој е различен од почетокот на календарската година - што со постојната дефиниција од 31 октомври како краен рок се чини како ограничување. Втората измена се предлага со цел да се појасни дека предмет на одобрување е највисокиот износ на надоместокот за транспортот преку продуктоводот.

4. Во членот 241, став (3) треба да се измени и да гласи:

(3) ***Со предлогот за највисок износ на надоместокот*** *од ставот (2) на овој член, се доставува следната документација:*

**Образложение**: Измената се предлага со цел да се појасни дека предмет на одобрување е највисокиот износ на надоместокот за транспортот преку продуктоводот.

5. Во член 241, став (4) треба да се измени и да гласи:

(4) *Владата, по претходно мислење од Министерството и Регулаторната комисија за енергетика, го одобрува* ***највисокиот износ на надоместокот*** *од ставот (2) на овој член.*

**Образложение**: Измената се предлага со цел да се појасни дека предмет на одобрување е највисокиот износ на надоместокот за транспортот преку продуктоводот.

6. Во член 241, став (5) треба да се измени и да гласи:

(5) *Во постапката за одобрување на* ***највисокиот износ на надоместокот*** *од ставот (2) на овој член, покрај документацијата од ставот (3) на овој член, Владата може да побара од вршителот на енергетската дејност да достави и други документи, информации и податоци од значење на одобрување на* ***највисокиот износ на надоместокот****.*

**Образложение**: Измената се предлага со цел да се појасни дека предмет на одобрување е највисокиот износ на надоместокот за транспортот преку продуктоводот.

Со Почит,

Дионисиос Роутсис
Овластено лице

Претпријатие за нафтени цевоводи
Солун - Скопје - ВАРДАКС АД
Подружница ВАРДАКС Скопје

Company for crude oil and oil derivatives pipeline VARDAX S.A. – Branch Office VARDAX Skopje
Office: Miladinovci, Investments OKTA, P.O. Box 66, Miladinovci
Tel: +389 2 2532 525 vardax@helpe.gr